26-751

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 25-06-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26-751/2 | | | |

До

Националната комисија за учебници

Во согласност на одлуката на НКУ донесена на седница 16.06.2026 г. **проф. д-р Тони Филипоски е избран за член-известител** за наставниот предмет: ИСТОРИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование. По доставување на сета потребна документација по електронски пат на 19.06.2026 од страна на Педагошката служба на МОН на РС Македонија, а согласно членовите 9 и 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ бр. 3 од 3.01.2025 го поднесуваме следново:

# **И З В Е С Т И Е**

за ракопис (под шифра Ш) за учебникот по наставниот предмет: ИСТОРИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование

На Конкурсот за учебници во основно образование, за наставниот предмет: ИСТОРИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование, според БРО, се пријавил еден ракопис (**под шифра Ш**). Бирото за развој на образование доставило стручно мислење за единствениот ракопис (**под шифра Ш**), бр. 09-1087/5 од 10.06.2026 г., изготвено од стручна комисија во состав: Ирена Борисовска, советник, м-р Илир Мемеди, советник и м-р Оливер Стојановски, пом. Раководител на Сектор, потврдно потпишано м-р Милка Тримчевска, директор на БРО, м-р Афродита Давко, раководител на Одделение и Ајше Ајрулаи, раководител на Сектор. Во образложеното стручно мислење за ракописот по предметот ИСТОРИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование, изнесените наводи првенствено се темелат на нивната усогласеност со Наставната програма по предметот, Концепцијата за основно образование, Концепцијата за изработка на учебник и Методологијата за вреднување на учебници.

- Ракописот на учебник: ИСТОРИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование под **шифра Ш** ги содржи сите теми, содржини и поими предвидени со наставната програма и истите придонесуваат за постигнување на резултатите од учењето и стандардите за оценување предвидени со наставната програма;
- Содржините се развиени во согласност на стандардите за оценување од соодветните теми на наставната програма и се базирани на современи, научно засновани и релевантни сознанија. Обемот и сложеноста на содржините кои се разработени соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на учениците;
- Во ракописот се опфатени поими кои се утврдени со наставната програма. Учебникот располага и со дополнителни поими кои служат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците;
- Во однос на критериумот поврзаност со учењето и поучувањето, учебникот е структуриран и организиран за да овозможи прегледност и лесно користење. Целиот

текст во учебникот е напишан во ист стил. Варијациите во фонтовите и боите го олеснуваат увидот во структурата на учебникот на кој начин што се соодветно избрани и доследно применети во целиот учебник;

- Илустрациите се соодветно насловени и визуелно одделени од текстот. Во сите лекции, прашањата/активностите за учениците се посебно графички обликувани и логички распоредени. Сите фотографии се со јасна резолуција и со објаснување, а корицата илустративно упатува на наставниот предмет на кој што се однесува. Според комисијата постои една забелешка во илустрациите.

Стручната комисија на БРО, без еден потпис, дава **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за единствениот ракопис (**под шифра Ш**) за учебникот: ИСТОРИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование.

Од друга страна формираната Рецензентска комисија за ракопис по предметот: ИСТОРИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование во состав: проф. д-р Димитар Љоровски, претседател, проф. д-р Марјан Јованов, член и наставник Ирена Трајковска-Стерјовска, член го изнесе следново стручно мислење под бр. 26-244/20 од 17.06.2026 г. Врз основа на спроведената анализа на ракописот под шифра Ш, Комисијата утврди дека тој содржи 208 страни и е составен: од воведен дел и четири (4) тематски единици, организирани според соодветен хронолошки тек, а сосема на крај е поместена користена литература која е употребена за изработка на учебникот.

- Ракописот се карактеризира со прегледна, доследна и методолошки добро поставена структура. Наставните содржини се организирани според тематска и хронолошка логика, со што се создаваат услови учениците полесно да го разберат текстот, поврзаноста и значењето на историските настани, појави и процеси. Обработката на темите е јасна, концизна и приспособена на возраста, предзнаењата и развојните можности на учениците, истовремено отвара простор за развивање на критичкото мислење, споредување и историско заклучување;
- Соджините на ракописот се во согласност со наставната програма и се засноваат на современи, научно потврдени и релевантни историски сознанија. Во текстот е применета соодветна стручна терминологија, која е употребена на начин разбирлив и прифатлив за учениците од оваа возраст. Јазикот и стилскиот израз е воедначен, јасен и функционален. Визуелното обликување на учебникот, преку употреба на различни фонтови, бои и графички решенија, придонесува за подобра ориентација низ содржините и за полесно оочување на нивната внатрешна структура. Ракописот е дополнет со соодветен илустративен материјал, прилагоден за возраста на учениците, кој е јасно насловен, визуелно издвоен од основниот текст и има функција да го поткрепи и збогати наставното градиво. Прашањата, задачите и рубриките што се составен дел од лекциите се во согласност со предвидените стандарди и очекувани резултати. Тие се насочени кон проверка на стекнатите знаења, но и кон нивно продлабочување, поврзување и примена. На тој начин се поттикнува активно учење, самостојно размислување и развивање на историска култура кај учениците.

Врз основа на наведеното Комисијата оценува дека ракописот за учебник по ИСТОРИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование, под шифра Ш, е усогласен со наставната програма и со критериумите и стандардите на институциите надлежни за образовниот процес, поради што Комисијата дава **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.**

Имајќи ги во предвид документите од БРО и Рецензентската комисија, предлагам НКУ ДА ГО **ОДОБРИ ЗА ПЕЧАТЕЊЕ РАКОПИСОТ** за учебник: ИСТОРИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование (**ПОД ШИФРА Ш**).

Скопје, 24.06.2026

проф. д-р Тони Филипоски,

член –известител на НКУ

-----------------------------------